ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Македонија 66, 1000 Скоп
02 3289 0
02 3289 0
02 3289 0
info@fzo.org.m

09-749/1

16 -01- 2012

Од: Фонд за здравствено осигурување на Македонија
До: ПЗУ/ЈЗУ ____________________
Дата: 13.01.2012 година

Предмет: Известување за спроведување на дел од договорните обврски од Договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување склучен помеѓу ФЗОМ и Вашата здравствена установа.

Почитувани,

Ве известуваме дека, согласно Договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување склучен помеѓу ФЗОМ и Вашата здравствена установа, здравствената услуга за биомедицинско потпомогнато оплодување е дефинирана како завршена услуга со групирање на сите процедури и постапки, предвидени со Протоколот за извршена БПО постапка донесен од ФЗОМ. Здравствената услуга БПО има референтна цена која е утврдена од Управниот одбор на ФЗОМ. Во референтната цена се пресметани здравствените услуги, хормонската терапија, лековите и медицински потрошни материјали кои се користат за целосно спроведување на постапката за БПО, дефинирани во Протоколот за извршена БПО постапка донесен од ФЗОМ.

Изведувањето на било какви дополнителни дијагностички процедури, како што се фоликулометрија и хормонски испитувања (најмногу до три), предвидени со Протоколот за извршена БПО постапка донесен од ФЗОМ, за време на извршувањето на постапката за БПО на товар на ФЗОМ, влегуваат во состав на здравствените услуги кои се дел од Договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување склучен помеѓу ФЗОМ и Вашата здравствена установа. За овие здравствени услуги не треба да се наплатуваат дополнителни средства од осигурените лица на ФЗОМ.

Здравствената установа треба да ги зема во предвид извршените испитувања од другите здравствени установи заради обезбедување на економичност и следење на резултатите за здравствената состојба на

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk
Адреса: Македонија 06, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 01
Централа: 02 3289 00
Факс: 02 3289 00
E-mail: info@fzo.org.mk

осигуреникот. Следствено на ова, не треба дополнително да се оптоварува осигуреното лице, за веќе направени испитувања.

Согласно Протоколот за извршена БПО постапка донесен од ФЗОМ, процедурите и постапките на обработка на биолошкиот материјал не се утврдуваат одделно, туку се дефинираат договорените здравствени услуги (пункција на фоликули, in vitro или ICSI и ембриотрансфер) како целина, односно како завршена услуга со групирање на сите процедури и постапки. Следствено на ова користените методи за дополнителна обработка на биолошкиот материјал не треба дополнително да се наплатуваат од осигурените лица на ФЗОМ.

ФЗОМ ја задолжува Вашата здравствена установа во иднина неоправдано да не наплатува средства од осигурените лица на ФЗОМ кои извршуваат постапка за БПО на товар на ФЗОМ.

ФЗОМ ја задолжува Вашата здравствена установа да ги врати неоправдано наплатените средства на осигурените лица на ФЗОМ кои извршиле постапка за БПО на товар на ФЗОМ.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Ве повикува да ги стимулирате стручните лица во Вашата здравствена установа, во соработка со сите стручни лица кои се вклучени во постапката за биомедицинско потпомогнато оплодување од целата држава, како стручна фела, според медицина базирана на докази, да изработат Протокол во кој ќе се дефинираат одделно стандардните и надстандардните дијагностички и терапевстки процедури кои влегуваат во состав на постапката за биомедицинско потпомогнато оплодување. Истиот ќе се достави и до Министерство за здравство, по предходна согласност од ФЗОМ. Потоа вака изготвениот Протокол ќе има задолжителен карактер.

Изготвил: д-р Петко Исјановски

Одобрил: Бранко Аџигогов

Директор
М-р Маја Парнарџиева-Змејкова

Република Македонија
Фонд за здравствено осигурување на Македонија
3
Скопје

Директор
Џемали Мехази